# ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ *и* СТАНДАРДИ ЗА НАСТАВНИЦИ



# ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ *и* СТАНДАРДИ ЗА НАСТАВНИЦИ

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
Проект за професионален и кариерен развој на наставниците

Биро за развој на образованието

Македонски центар за граѓанско образование

Оваа публикација е подготвена со експертска и финансиска поддршка од Проектот на УСАИД за професионален и кариерен развој на наставниците, имплементиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Бирото за равој на образванието (БРО).

Публикацијата е подготвена од работна група составена од претставници од: Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, наставничките факултети, како и наставници и практичари од основните и средните училиштата во Република Македонија. Како партнер на проектот беше вклучена и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“.

Содржината на документот не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Наслов
ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ И СТАНДАРДИ ЗА НАСТАВНИЦИ

Издавач
Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)

Лектура
Ванѓа Димитрова

Дизајн
КОМА

Печатница
Винсент графика

Тираж
1500

CIP – Каталогизација на публикацијата
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

37.011.3:005.962.131

ОСНОВНИ професионални компетенции и стандарди за наставници. -
Скопје : Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), 2016. -
79 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4529-34-7

а) Наставници - Компетентност
COBISS.MK-ID 101283594

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ..................................................................... **5**

Структура на Основните професионални компетенции
и Професионалните стандарди за наставник - ментор
и за наставник - советник.....................................................6

Професионални вредности на наставниците ......................................7

**ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ** .................. **11**

I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ..........13

II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ ..........................................................15

III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ...................................25

IV. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА.............................................29

V. КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА ....................31

VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ..........................33

**ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА НАСТАВНИК – МЕНТОР**................................ **37**

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ................................................................39

I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ..........41

II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ ..........................................................43

III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ...................................47

IV. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА ............................................49

V. КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА
СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА ....................51

VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ
И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ....................53

**ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ
ЗА НАСТАВНИК - СОВЕТНИК ....................57**

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ....................59

I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ
И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ....................61

II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ ....................63

III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ ....................67

IV. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА ....................69

V. КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА
СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА ....................71

VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И
ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ....................73

# ВОВЕД

Бројни истражувања покажуваат дека искуствата во учењето и постигањата на учениците во голема мера зависат од знаењата, способностите, вештините и посветеноста на нивните наставници. Основна цел на воспитно-образовната работа на наставниците е учениците максимално да ги развијат своите потенцијали. За да се постигне таа цел неопходно е наставниците да поседуваат компетенции за квалитетна воспитно-образовна работа и да имаат можност професионално да се усовршуваат и да напредуваат во текот на кариерата.

Непостоењето на јасно дефинирани компетенции и стандарди за наставници беше идентификувано како една од слабите алки на системот за професионален и кариерен развој на наставниците во Република Македонија[1]. За да се надмине тоа со *Законот за наставници во основните и средните училишта*[2] се регулирани основните професионални компетенции за наставници (глава III), професионалниот развој (глава IV) и кариерниот развој (глава V) на наставниците, а подетално се регулирани со подзаконски акти.

Основните професионални компетенции и стандардите[3] за наставник - ментор и наставник - советник што се дадени во овој документ ги изготви работна група составена од експерти за образование, универзитетски професори, наставници и советници од Бирото за развој на образованието (БРО) и Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО). При тоа, таа ги имаше предвид Заедничките европски принципи за компетенции и квалификации на наставниците[4] и компетенциите и стандардите за напредување во кариерата за наставници во поголем број земји, како и принципите врз кои се заснова образованието во Република Македонија. Првичната верзија беше основа за консултации со широк круг претставници на факултетите за наставници, наставници од основните и средните училишта, стручните служби во училиштата и директорите на училиштата, како и претставници на институциите што се задолжени за обезбедување квалитет во образованието. Сите тие придонесоа за квалитетот на финалната верзија на документот.

Основните професионални компетенции и стандардите за наставник - ментор и наставник – советник се очекува да придонесат за поквалитетна настава и учење во училиштата и за повисоки постигања на учениците, преку поставување јасни и високи очекувања од наставниците, како и препознавање и вреднување на нивниот професионален развој и професионален ангажман. Поконкретно, тие ќе се користат за:

- Изготвување стандард за стручна квалификација за наставник;
- Усогласување на додипломското образование со потребните компетенции на наставниците;
- Планирање на воведувањето во работа и давање на менторската поддршка;
- Дефинирање на содржината и начинот на полагање на стручниот испит и стекнување лиценца за наставник;
- Планирање на професионалниот развој, како личен, така и на ниво на училиште, регион, држава;
- Изготвување процедури и инструменти за следење на работата на наставниците и давање стручна поддршка;
- Изготвување процедури и инструменти за оценување на работата на наставниците кои аплицирале за звањата наставник – ментор и наставник - советник;
- Изготвување каталози на компетенции за одделни наставници (на пр., воспитувач во предучилишна установа, одделенски наставник, предметен наставник, наставник по стручен предмет или дури и за наставници по одделни предмети);
- Подобрување на работата на институциите задолжени за следење, мерење и подобрување на квалитетот на работата на наставниците и училиштата.

1 Анализа на политиките и праксата на професионалниот и кариерениот развој на наставниот кадар во Македонија, УСАИД Проект за професионален и кариерен развој на наставниците, Македонски центар за граѓанско образование, август 2013.

2 Закон за наставници во основните и средните училишта, Службен весник на Република Македонија, бр.10/15.

3 Под компетенции се подразбира збир на стекнатото знаење, способности, вештини и професионални вредности, односно докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или на работа. Под стандарди се подразбираат компетенции од повисоко ниво што е потребно да се поседуваат за да се стекне определено звање во напредувањето во кариерата.

4 Common European Principles for Teacher Competences and Qualifications, http://ec.europa.eu/education/policies/2010/doc/principles_en.pdf.

# СТРУКТУРА НА ОСНОВНИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ И ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА НАСТАВНИК - МЕНТОР И ЗА НАСТАВНИК - СОВЕТНИК

Компетенциите и стандардите се изработени така што на Основните професионални компетенции се надградуваат стандардите за наставник - ментор, а на нив стандардите за наставник - советник. По-конкретно, за наставник - ментор треба да се поседуваат основните професионални компетенции и стандардите за наставник - ментор, а за наставник - советник треба да се поседуваат основните професионални компетенции, стандардите за наставник-ментор и стандардите за наставник-советник.

Во документов, компетенциите и стандардите се само технички издвоени во три дела:

- Основни професионални компетенции за наставници
- Професионални стандарди за наставник - ментор
- Професионални стандарди и за наставник - советник

Професионалните компетенции и стандарди се однесуваат на:

ПРОФЕСИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ, што се очекува да ги поседува и почитува секој наставник. Тие во документов се издвоени пред останатите делови затоа што се однесуваат на сите наставници.

ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА, КАКО И СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ, што се очекува наставникот да ги стекнал во текот на образованието за наставник и во текот на првите години од воспитно - образовната работа, а за наставник - ментор и наставник - советник и во понатамошната работа и професионален развој.

Професионалните знаења, разбирања, способности и вештини се групирани во следниве подрачја:

I. Знаење за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем
II. Поучување и учење
III. Создавање стимулативна средина за учење
IV. Социјална и образовна инклузија
V. Комуникација и соработка со семејството и заедницата
VI. Професионален развој и професионална соработка

Во секое подрачје, покрај описите на професионалните знаења и разбирања и професионалните способности и вештини додадена е табела со примери на професионални практики. Примерите ќе помогнат определена компетенција да биде на ист начин разбрана и со „исти очи" следена и вреднувана од страна на самиот наставник, институциите кои се задолжени за следење на неговиот развој и институциите за валидација на професионалниот развој на наставниците. Наведените примери на активности ќе помогнат за препознавање на квалитетот на постигањата на наставникот на ниво на училиште и во локалната заедница, но и за самооценување на сопствената практика. Тие се основа за изготвување процедури и инструменти за напредувањето во звањето наставник - ментор, односно наставник - советник.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Професионалните вредности и верувањата на наставниците за учењето, поучувањето и наставничката професија се водечки принципи што определуваат какви професионални одлуки ќе носи наставникот, односно како ќе ја планира и реализира наставата, како ќе се однесува кон учениците, родителите, колегите и пошироката заедница. Професионалните ставови и вредности се стекнуваат и менуваат во текот на образованието за наставник, преку стручното усовршување и низ практиката. Тие се основа за развој на компетенциите, а особено за нивно користење во професионалната работа.

Се очекува наставникот да ги има усвоено и да се однесува согласно следниве професионални вредности:

### СЕКОЈ УЧЕНИК МОЖЕ ДА УЧИ И ДА СЕ РАЗВИВА

Наставникот верува дека, иако учениците се посебни индивидуи и се разликуваат според способностите, пристапите во учењето, искуствата, интересите и мотивацијата, сите можат да учат и да се развиваат. Убеден е дека потенцијалите на учениците ќе се развиваат, ако учениците се мотивирани да вложат соодветен напор, којшто ќе резултира со чувство на успешност. Тоа ќе ја зајакне самодовербата и мотивацијата за учење. Смета дека, ако наставата излегува во пресрет на интересите и потребите на учениците и овозможува стекнување на знаењата што се релевантни за нив, тие ќе учат со задоволство и посветено и ќе размислуваат за своите потенцијали како за нешто што може да се подобрува, а тоа ќе им помогне да се развиваат како успешни поединци и членови на заедницата.

### ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Наставникот ја започнува својата кариера со уверување дека наставничката професија е динамична и дека тој треба постојано да се усовршува за да биде во тек со новите сознанија во наставната област, со новите приоди во работата со ученици и заради промените во целите и очекувањата на општеството во врска со образованието. Тој смета дека наставата не е рутинска работа и дека дава многу можности за професионално учење и развој. Себеси се гледа како одговорен за сопственото учење и развој, а саморефлексијата ја смета за најсоодветен начин за подобрување. Успешноста ја сфаќа како процес на постојано учење и развивање, а континуираното учење не го гледа само како начин да се биде во тек со постојаните промени, туку како чекор кон успехот. Верува дека, ако покажува ентузијазам за учење во наставната област и во својата професија, ќе претставува позитивен модел за доживотно учење и за учениците и за колегите.

### ПРОФЕСИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ И ПОСВЕТЕНОСТ НА НАСТАВНИЧКАТА ПРОФЕСИЈА

Успешниот наставник ја сака својата професија, сака да работи со деца и млади, верува во нивните можности и се радува на успесите што тие ги постигнуваат. Убеден е дека наставникот не е само предавач по соодветниот предмет, туку тој треба да покажува грижа за севкупниот развој на учениците, да е отворен за комуникација и помош и да им дава поддршка кога им е потребна. Наставникот верува дека професијата што ја врши е важна не само за учениците, туку и за општеството и верува дека позитивните промени кај учениците водат кон позитивни промени во општеството како целина. Смета дека без разлика колку нешто е добро, секогаш може да биде и подобро, па затоа предизвиците во професијата ги гледа како можност за изнаоѓање инвентивни решенија, а работата на развојни и истражувачки проекти како можност за подобрување на образовните политики и практики. Професионалниот и личниот интегритет не ги гледа само како свои одлики, туку и како начин за промовирање на наставничката професија во општеството. Кога е соочен со разни притисоци, наставникот не им подлегнува, туку се раководи според професионалните принципи.

## СОРАБОТКА

Наставникот смета дека за успешно учење и развој на ученикот важно е да се воспостави партнерски однос на наставникот, училиштето, семејството и пошироката заедница. При тоа, тие ќе споделуваат исти цели за учењето на учениците, ќе разменуваат информации, ќе договараат приоди и стратегии, ќе се надополнуваат, а нивната меѓусебна комуникација ќе се базира врз заемно почитување и доверба. Наставникот верува дека односите со родителите се клучни затоа што редовна отворена и двонасочна комуникација е во интерес на развојот и учењето на нивните деца, но и од интерес на пошироката училишна заедница. Убеден е дека преку професионална соработка со колегите и со пошироката заедница може да придонесе за повисоки постигања на учениците, афирмација на училиштето и подигање на образовното ниво на заедницата.

## ЕДНАКВОСТ, ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ПРАВДА

Наставникот е чувствителен за различностите кај учениците и покажува подготвеност да ги прифати учениците како посебни личности различни од другите, без разлика на нивните способности. Верува дека учениците ќе сакаат да учат и ќе учат доколку се чувствуваат прифатени во паралелката и училиштето и настојува да создаде средина во која секоја различност се прифаќа и почитува. Посветен е на поддршка на индивидуалниот развој, благосостојбата и вклучувањето во потесната и пошироката заедница на секој ученик без разлика на способностите или потеклото и на подигањето на самопочитта и самодовербата.

Смета дека документите за правата на луѓето и децата и за антидискриминација, како и принципите на социјалната правда, треба да бидат доследно применети во секојдневието и тоа го покажува преку донесување на праведни и фер одлуки.

## ПОСВЕТЕНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО

Оваа професионална вредност се очекува силно да се манифестира кај наставниците - ментори. Тие, покрај тоа што посветено работат со учениците и колегите во рамките на редовните работни обврски, чувствуваат силна припадност кон училиштето во коешто работат и веруваат дека сите треба и може да придонесат за афирмација на училиштето. Наставникот - ментор верува дека со својата иницијатива и ангажман може да придонесе за подобрување на работата на колегите, нуди и подготвен е да им даде поддршка и помош на сите на кои им е потребна. Убеден е дека училиштето е место во кое и наставниците учат и со тоа претставуваат мотивирачки пример за учениците, родителите и пошироката заедница. Тој сопствената работа ја гледа многу пошироко од основните наставни и вон-наставни ангажмани и со задоволство се вклучува во разновидни активности за унапредување на работата на целото училиште.

## ПОСВЕТЕНОСТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА НА ДРЖАВНО НИВО

Оваа професионална вредност се очекува да се манифестира кај наставниците - советници. Наставникот-советник во својот професионален развој стигнал до таму да се чувствува способен и одговорен да придонесе за унапредување на наставата и надвор од рамките на училиштето, на регионално и државно ниво. Отворен е за иновативни пристапи, информиран е за современите образовни трендови, критички ја анализира воспитно-образовната практика и верува дека може да придонесе за нејзино подобрување на национално ниво и презема иницијативи во таа насока.



# ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ *за* НАСТАВНИЦИ

# I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Теориските и практичните знаења на наставниците за предметот и дисциплините на кои ги поучуваат учениците и знаењата за вредностите и поставеноста на воспитно-образовниот систем на Република Македонија се појдовни компетенции кои треба да ги поседува секој наставник.

Од наставникот се очекува добро да ја знае содржинската основа на предметот, да ја разбира неговата променлива структура, да ги пронаоѓа, поврзува и надополнува содржините со други наставни предмети. Тој, исто така, треба да ги знае и да ги користи најсоодветните начини за реализација на наставата по соодветниот предмет, преку што ќе го направи интересен и привлечен за учениците.

Со познавање и почитување на законските и стручно-нормативните акти наставникот обезбедува реализација на целите на воспитанието и образованието.

# I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

## **Потподрачје:** ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ја познава предметната материја на која ги поучува учениците и знае како таа е поврзана со другите наставни предмети. | 1. Новите сознанија од наставниот предмет на соодветен начин ги вклучува во поучувањето. |
| 2. Ги познава клучните поими во наставниот предмет и нивната поврзаност. | 2. Фокусиран е на реализација на целите од наставниот предмет. |
| 3. Ги следи новите сознанија од наставниот предмет. | 3. Ги обединува знаењата околу клучните поими во наставниот предмет. |
| 4. Ги следи најновите техничко-технолошки достигнувања во струката[5]. | 4. Ги поврзува наставните содржни за постигнување на меѓупредметните цели во текот на сите воспитно -образовни активности. |
| 5. Го сфаќа значењето на поврзаноста на стручното образование со потребите на пазарот на трудот[5]. | 5. Користи методи, техники и алатки за оспособување на учениците за себепретставување. |
| 6. Ја разбира поврзаноста меѓу наставните содржини и кариерниот развој на учениците. | 6. Ги поврзува целите на наставата со најновите техничко-технолошки достигнувања во струката и потребите на пазарот на трудот[5]. |
| 7. Ги познава наставниот план и програма и односите меѓу нивните компоненти (на пр., цели, содржини, дидактички насоки, поими, активности). | 7. Кај учениците предизвикува интерес кон наставниот предмет. |
| 8. Ги познава основните методи за истражување во научната област на која припаѓа наставниот предмет. | 8. Кај учениците развива критички однос кон материјата од наставниот предмет и им помага да ја проценуваат од аспект на нејзината научна заснованост. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ефективно ги организира наставните содржини во согласност со клучните поими и поставените цели.
- Користи и ги упатува учениците да користат современи сознанија од наставниот предмет.
- Ги вградува во наставата најновите сознанија од областа на техничко -технолошките достигнувања во струката[5].
- Во учењето и поучувањето вклучува активности за интегрирање на содржините и постигнување на меѓупредметните цели.
- Им помага на учениците во изработка на кратка биографија, мотивациско писмо и однесување при интервју (за прием во организација, за работа итн.).
- Во поучувањето и учењето користи методи кои ги упатуваат учениците да истражуваат, анализираат, проценуваат.

5 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

# I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

**Потподрачје:** ЗНАЕЊЕ ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 9. Го познава образовниот систем, особено потсистемот на образованието во кој работи, вклучувајќи ја и законската регулатива.<br>10. Ги познава програмските документи за потсистемот на образованието во кој работи.<br>11. Ги разбира современите образовни тенденции. | 9. Се раководи според општите принципи на системот на воспитание и образование. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Педагошката евиденција и документација ја води согласно законската регулатива.







# II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

Компетенциите за поучување и учење се јадрото на наставничките компетенции. Она по што се памети добриот наставник е начинот на кој тој ја реализира наставата. Оној наставник кој умее да ја направи наставата интересна, да ги вклучи активно учениците во процесот на учење, да постави високи очекувања пред своите ученици и да ги мотивира да одговорат на тие очекувања, да истражуваат и да ги изнесуваат своите претпоставки, мислења и видувања, оној наставник кој прифаќа и поттикнува различни начини на решавање проблеми, кој очекува учениците да извлекуваат заклучоци и да ја согледаат практичната примена на знаењата, е наставник кој развива интерес кон предметот што го предава и ги подготвува своите ученици за живот.

Добриот наставник секогаш има сознанија за когнитивниот, социоемоционалниот и психомоторниот развој на своите ученици. Овие сознанија ги користи за да ја планира и приспособи наставата на нивните потреби, да го заштити нивното психичко и физичко здравје и да им овозможи оптимален развој. За таа цел постојано соработува со родителите на учениците, при што информирањето е двонасочно, со што се гради доверба и партнерски однос.

Следењето на учениците е процес кој треба постојано да се одвива и да биде проследен со соодветна повратна информација, процес кој треба да е во функција на подобрување и на поучувањето и на учењето. Познавајќи ги потребите на ученикот, наставникот ќе може да му помогне на секој ученик - и на оној кој потешко напредува и на оној кој побрзо чекори низ процесот на учење. Поттикнувајќи ги учениците да учествуваат на демократски начин во животот на училиштето, наставникот ќе овозможи стекнување на вредности и ставови, а не само на знаења кај учениците.

# II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

## Потподрачје: ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА НАСТАВАТА

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ги знае компонентите за успешно планирање на наставата.<br>2. Познава различни видови планирања на наставата. | 1. Го планира поучувањето и учењето според пропишаните програми и стандарди и според потребите на учениците.<br>2. Планира настава што ќе се реализира кај работодавач[6].<br>3. Избира и подготвува активности, наставни средства, работни материјали и инструменти за следење на учениците во согласност со планираните цели.<br>4. Планира врз основа на рефлексијата на сопствената работа и повратна информација од учениците. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Изготвува планирање на различни нивоа ( годишни планирања, тематски, дневни, итн.).
- Планира јасни, достижни и цели кои се предизвик за учениците.
- Ги планира очекуваните исходи од активностите.
- Ги планира формите, методите и стратегиите на поучување.
- Ги планира наставните средства и работните материјали потребни за реализација на наставните содржини, вклучувајќи ја и ИКТ.
- Создава база на податоци од работодавачи со кои може да соработува[6].
- Определува цели од наставната програма што може да се реализираат кај работодавач[6].
- Усогласува цели и активности на наставата со потребите на работодавачот[6].
- Планира корелација и интеграција со други наставни предмети и содржини со другите наставници.
- Во планирањето ги зема предвид расположивото време и ресурсите.
- Во планирањето ги зема предвид спецификите на локалната средина.
- Ги планира методите, постапките и инструментите за утврдување на претходните знаења на учениците и за следење на нивните постигнувања.
- Ги планира активностите на наставникот и на учениците.
- Прави рефлексија која содржи согледувања во однос на постигнатоста на целите, потешкотиите на кои се наишло и насоки за подобрување при наредното планирање.

6 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

### Потподрачје: РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 3. Познава современи стратегии за реализација на наставата.<br>4. Ги познава методичките приоди специфични за наставниот предмет.<br>5. Ја познава образовната технологија специфична за предметот.<br>6. Има основни методички познавања за меѓупредметни содржини. | 5. Процесот на настава и учење го фокусира на ученикот.<br>6. Користи современи приоди и методи кои се во согласност со целите на наставата, потребите и можностите на учениците.<br>7. Применува современи наставни средства и помагала.<br>8. Ги активира учениците со добро осмислени прашања кои поттикнуваат повисоки мисловни процеси.<br>9. Создава и одржува отворена и стимулативна средина која поттикнува истражување, учење и независност.<br>10. Ги развива кај учениците вештините за повисоко ниво на мислење и решавање проблеми.<br>11. Систематски ги воведува учениците во научната дисциплина.<br>12. Ја поврзува предметната содржина со други предмети и содржини и со нивна практична примена во секојдневниот живот и ги прави содржините релевантни за учениците.<br>13. Ги следи трендовите за различни професии и соодветно ги применува податоците во процесот на образование за кариера.<br>14. Ја прави наставата интересна и поттикнува интерес кај учениците за учење на наставниот предмет.<br>15. Поучувањето и учењето ги приспособува на ситуацијата и контекстот.<br>16. Поучувањето и учењето ги приспособува на производниот или услужниот процес кај работодавачот кај кој се изведува практична обука на ученикот[7].<br>17. Гради кај учениците високи лични стандарди за успех, позитивен став кон учењето и надвор од наставата и развива вештини за доживотно учење.<br>18. Планира и реализира дополнителни активности со кои се зајакнува и проширува стекнатото знаење (домашна работа, посети, екскурзии, соработка, проекти, итн.). |

7 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги запознава учениците со очекуваните исходи.
- Ги утврдува претходните знаења и искуства на учениците.
- Дава јасни упатства на сите ученици[8] и ги упатува на трансфер на знаењата.
- Ги подготвува учениците за реализирање и евидентирање на резултатите од практичната обука кај работодавачите[9].
- Има подготвено материјали за работа и нагледни средства според планираното и истите ги применува.
- Јасно, разбирливо и недвосмислено ги презентира клучните информации.
- Сите ученици ги вклучува во реализација на активностите.
- Применува современи и различни приоди, форми и методи.
- Се снаоѓа во нови и непредвидливи ситуации и ги става во контекст на наставата.
- Дел од содржините ги реализира преку истражувачки и проектни активности.
- Применува ИКТ во наставата.
- Прифаќа и поттикнува различни начини на решавање проблеми и презентирање содржини.
- Им помага на учениците да прават синтеза на знаењата, да ги поврзуваат претходните знаења со новите и да ја согледаат практичната примена на истите.
- Се вклучува во планирање и реализација на интегрирани меѓупредметни активности.
- Ги поттикнува и насочува учениците на истражувачка работа.
- Ги поттикнува и насочува учениците за следење, анализирање и примена на информации во врска со различните професии и продолжување на образованието.



8 Под сите ученици се подразбираат учениците со различни способности, како и учениците од различно социоекономско потекло.
9 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

### Потподрачје: ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 7. Знае дека примарна цел на оценувањето е унапредување на постигањата на учениците. | 19. Има високи очекувања за развојот и постигањата на учениците. |
| 8. Знае современи и различни методи за следење и оценување и нивните можности и ограничувања. | 20. Систематски го следи напредувањето на учениците, ги бележи сознанијата и им дава квалитетна[10] повратна информација. |
| 9. Ги познава пропишаните стандарди за постигања и за формативно и сумативно оценување. | 21. Избира и применува стратегии за оценување соодветни на целите. |
| | 22. Ги вклучува учениците во оценувањето и создава позитивна клима за да може да ги покажат своите постигања. |
| | 23. Формира валидни и објективни сумативни оценки, ги презентира и образложува. |
| | 24. Ги анализира и интерпретира податоците од оценувањето и ги користи за планирање на понатамошното учење на учениците. |
| | 25. Ги информира родителите[11] за напредокот на нивното дете, редовно и квалитетно. |
| | 26. Постигањата на образовните цели за учениците ги мери преку формативно и сумативно оценување. |
| | 27. Дијагностичкото и формативното оценување го прави навремено и соодветно. |
| | 28. Ги почитува стандардите за оценување на ниво на држава. |
| | 29. Ги анализира и ги зема предвид резултатите од следењето и оценувањето на ученикот од страна на стручниот и друг кадар при изведувањето практична обука кај работодавачот[12]. |

10 Редовна, јасна и навремена.

11 Под родител се подразбира и законски застапник, старател.

12 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Избира, изработува и соодветно користи различни инструменти за оценување (на пр., задачи, тестови, чеклисти, аналитички листи, анегдотски белешки).
- Има добро организирана збирка на докази за напредувањето на секој ученик која ја користи за информирање на учениците и родителите за напредокот на ученикот и за планирањето на учењето и поучувањето.
- Ги дијагностицира претходните знаења и слабите и силните страни во учењето на учениците и им дава соодветни насоки за понатамошно учење.
- Дава позитивна и конструктивна повратна информација која ги поттикнува учениците да работат и кај нив развива чувство дека можат да напредуваат.
- Разговара со учениците за нивниот напредок, ги оспособува за самоооценување и планирање на сопственото учење.
- При сумативното и формативното оценување поаѓа од целите на наставниот предмет и оценките ги формира врз основа на повеќекратни мерења со соодветни методи и инструменти.
- Ги почитува стандардите за оценување на ниво на држава и редовно ги евидентира постигањата на учениците.
- Ги образложува оценките и изготвува јасни и информативни извештаи за постигањата на учениците што им ги доставува на родителите.
- Изготвува извештаи за постигањата на ниво на паралелка/наставен предмет и сознанијата ги користи за подобрување на наставата и учењето.
- Во оценката ги вклучува резултатите од следењето и оценувањето на ученикот од страна на стручниот и друг кадар што учествува при изведувањето практична обука кај работодавачот[13].

10



13 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** ПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ИЗЛЕГУВАЊЕ ВО ПРЕСРЕТ НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 10. Ги знае развојните карактеристики на учениците.<br>11. Ги познава индивидуалните разлики, интересите и претходните искуства на учениците.<br>12. Ги знае актуелните трендови на живеење и потребите на младите.<br>13. Ја разбира потребата од кариерно советување на младите.<br>14. Во тек е со новите научни сознанија за учењето и развојот на учениците. | 30. Ги познава учениците и условите во коишто тие живеат и постапува доверливо со податоците со кои располага.<br>31. Ги идентификува слабите и силните страни на секој ученик и го развива неговиот потенцијал.<br>32. Предвидува можни начини на реакција на ученикот и на соодветен начин се справува со нив.<br>33. Начините на работа ги приспособува на развојните карактеристики и стилови и стратегии на учење на учениците.<br>34. Се грижи за севкупниот развој на ученикот, вклучително и неговиот кариерен развој.<br>35. Ги води учениците низ процесот на учење, придонесува за позитивно однесување.<br>36. Ги мотивира учениците за активно користење на слободното време.<br>37. Ги сослушува и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците.<br>38. Им помага на учениците да станат свесни за процесот за сопственото учење и ги оспособува учениците за самостојно учење и истражување. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Го следи когнитивниот, социоемоционалниот и психомоторниот развој на своите ученици.
- Има податоци за секој ученик и ги евидентира сите промени.
- Ги чува на безбедно место податоците за своите ученици и во врска со нив споделува информации само со родителите на ученикот или со стручните соработници во училиштето.
- Прави индивидуализација и диференцијација во поучувањето базирана врз познавањето на потребите на учениците.
- Организира и реализира дополнителна и додатна настава.
- Ги поттикнува, подготвува и организира учениците да учествуваат во разни активности (натпревари, конкурси, изложби, приредби, проектни активности,итн.).
- Користи едукативни активности кои го поттикнуваат когнитивниот, афективниот и психомоторниот развој на учениците.
- Овозможува демократска партиципација на учениците во животот на училиштето.





# III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

Средината во која детето престојува и учи има силно влијание врз неговиот севкупен развој. Наставникот е тој кој треба да се грижи средината во која престојуваат неговите ученици да биде безбедна. Затоа треба и да ги знае можните закани по физичката и психичката безбедност на учениците, начините на кои треба да реагира за да овозможи безбедна средина, како и правилата што треба да ги воспостави заедно со своите ученици со цел побезбедно да се користат средствата и материјалите за настава, вклучувајќи ја и ИКТ. На овој начин, покрај тоа што учениците се заштитени, кај нив се поттикнува самостојноста преку тоа што тие учат како и самите да се заштитуваат, како одговорно да се однесуваат кон материјалите за работа, како да носат правила за однесување и како истите да ги почитуваат. Стимулативна средина се обезбедува ако наставникот ги знае потенцијалните можности на различните средства за учење, овозможува нивна достапност и ги користи за да ги стимулира учениците да истражуваат и да учат, при тоа создава атмосфера во која се комуницира со почит, се соработува и се работи тимски, ненасилно се разрешуваат конфликти, се почитуваат различностите, ставовите и мислењата на сите и се поттикнува позитивно и одговорно однесување.

# III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

## Потподрачје: СОЗДАВАЊЕ БЕЗБЕДНА И СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Разбира на кој начин средината го поттикнува и овозможува учењето. | 1. Организира стимулативна средина за учење на (пр., охрабрува различно мислење, има позитивен однос кон грешките и сл.). |
| 2. Ги знае потенцијалите и можностите на различни средства за учење, вклучувајќи ја ИКТ. | 2. Го организира просторот за учење во согласност со видот на активностите и интересите на учениците. |
| 3. Ја познава дејноста, организацијата, технологијата и опремата кај работодавачите[14]. | 3. Обезбедува користење на разни извори, материјали и средства во процесот на учење, вклучувајќи и безбедно користење на ИКТ. |
| 4. Ги знае мерките за безбедност и заштита при работа[14]. | 4. Идентификува соодветни машини, уреди и алати за практична обука на учениците и обезбедува нивно соодветно и безбедно користење[14]. |
| 5. Знае за можните закани по физичката и психичката безбедност на учениците. | 5. На учениците им пружа помош во адаптирањето на училишната средина, соодветно на возраста. |
| 6. Познава различни начини за справување со кризни ситуации во училиштето. | 6. Заедно со своите ученици учествува во разни училишни и вонучилишни активности. |
| 7. Знае механизми за справување со случаи на насилство и дискриминација врз која било основа. | 7. Користи соодветни стратегии за кризна интервенција во училиштето. |
| | 8. Користи соодветни начини за справување со насилство и дискриминација. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Просторот е организиран според нормативот за простор и опрема.
- Изготвува материјали и користи разновидни извори за учење кои ги стимулираат учениците да истражуваат и учат.
- Го приспособува просторот во училницата да одговара на индивидуалните потреби и потребите на целата група.
- Воспоставува правила за безбедна употреба на материјалите и средствата за работа, вклучувајќи ја и ИКТ.
- Овозможува средствата и материјалите за работа да бидат лесно достапни за сите ученици, особено за децата со попреченост.
- Ги подготвува учениците за безбедно однесување на работното место на кое се обучуваат согласно стандардите за безбедност и заштита при работа[14].
- Ги распоредува учениците на соодветни работни места согласно целите на практичната обука[14].
- Во училишниот простор изложува трудови од учениците.
- Овозможува да се воспостават и обезбедува почитување на правилата за однесување во училницата и училиштето.
- Обезбедува учениците да ги почитуваат правилата на комуникација кај работодавачите[14].
- Промовира вредности кои се однесуваат на личната безбедност и безбедноста на другите.

14 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

## III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** СОЗДАВАЊЕ ПОЗИТИВНА УЧИЛИШНА КЛИМА

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 8. Ги познава карактеристиките и начините за создавање позитивна клима за учење. | 9. Создава позитивна работна клима во училницата во согласност со потребите на сите ученици. |
| 9. Познава стратегии за менаџмент во училница. | 10. Ја почитува личноста на ученикот, ја поттикнува и развива неговата самодоверба и самопочитување. |
| 10. Разбира дека комуникацијата е моќно средство во учењето. | 11. Заедно со учениците воспоставува правила на однесување во училницата и служи како модел за нивно почитување. |
| 11. Поседува знаења за техники и стилови на комуникација. | 12. Користи вештини за разрешување конфликти и ги развива истите кај учениците. |
| 12. Ги познава правилата на комуникација кај работодавачот[15]. | 13. Создава услови што поттикнуваат чувство за припадност, заемно почитување и придонес кон училишната заедница. |
| 13. Разбира дека климата во паралелката најмногу зависи од наставникот. | 14. Поттикнува и поддржува тимска работа кај учениците. |
| 14. Тој е модел за етичност и чесност. | 15. Користи соодветна техника или стил на комуникација во зависност од учениците и ситуацијата. |
| | 16. Користи комуникациски стратегии за почитување на културните и родовите разлики кои може да влијаат врз климата во училницата. |
| | 17. Комуникацијата со учениците ја заснова врз почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања кои ги очекува и од своите ученици. |
| | 18. Користи современи средства за комуникација (е-пошта, социјални мрежи, блогови и сл.). |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- На учениците им се обраќа по име и со почит.
- Покажува емпатија и поддржување на вредностите кај учениците.
- Ги охрабрува учениците да земаат учество во активностите, да ги споделуваат своите искуства, очекувања и емоции и да веруваат дека можат да постигнат повеќе.
- Во училницата истакнува правила за однесување и инсистира на нивно почитување.
- Ги идентификува конфликтните ситуации (отворени и скриени).
- Им помага на учениците праведно да ги разрешуваат конфликтите.
- Ги организира учениците во заеднички активности каде што до израз доаѓа меѓуврсничката соработка.
- Ги користи советите од стручните соработници (психолог, педагог, социолог, дефектолог) секогаш кога треба да му се помогне на ученик.
- Во комуникацијата го приспособува јазикот во зависност од контекстот, ситуацијата и личноста на ученикот.
- Поставува прашања, ги поттикнува учениците да поставуваат прашања и ја стимулира дискусијата.
- Поттикнува разговори за разбирање на културолошките и родовите разлики.
- Планира и применува различни медиуми и алатки за комуникација, вклучувајќи и аудиовизуелни помагала и компјутери.
- Поттикнува (и презентира) кај учениците соодветни модели на говорење, пишување и изразување во различни медиуми.

15 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.





# IV. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

Потребата секој наставник да поседува компетенции за социјална и образовна инклузија произлегува од определбата на општеството да се обезбедат еднакви можности за сите ученици. Тие се однесуваат на способноста, умеењата и ставовите на наставниците за работа во средина која се состои од различности. Притоа, акцентот е ставен врз потребата од знаења на наставниците во однос на дидактичко-методичките решенија и практики, законските решенија и конвенции, потенцијалите и ограничувањата на поединците и групите во учењето и развојот. Посебно значајни се способноста и вештините на наставниците да ги идентификуваат специфичните потреби, интереси, можности и способности на учениците, да планираат вклучување и работа со сите ученици имајќи ги предвид различните потреби и можности, да применуваат соодветни стратегии за инклузија на учениците со специфични образовни потреби и да промовираат заемно почитување и демократски вредности во општеството.

# IV. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

## Потподрачје: СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Познава различни концепти и модели за инклузивно образование. | 1. Учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба и користи различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата. |
| 2. Ги разбира социјалните и културните фактори и како тие влијаат на образованието и како образованието придонесува за социјална кохезија. | 2. Учествува во тимови за изработка на индивидуални образовни планови. |
| 3. Ги знае различните видови ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието: посебни образовни потреби, тешкотии во учењето и недостатоци од социо-економски причини. | 3. Користи стратегии кои промовираат почитување на разликите и демократските вредности. |
| 4. Ги знае конвенциите за правата на децата и за антидискриминација. | 4. Работи во училишни инклузивни тимови. |
| | 5. Дава подеднакви можности секое дете и семејство да учествуваат во наставните и воннаставните активности, без разлика на психофизичките способности, полот, етничкото потекло, културата, мајчиниот јазик, религијата, семејната структура, социјалниот и економскиот статус. |
| | 6. Ги подготвува учениците да ги прифатат децата од ранливи групи и децата со посебни образовни потреби. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Изработува индивидуални образовни планови.
- Ја планира наставата за цело одделение со почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците.
- При поучувањето користи инклузивни стратегии за учење и поучување.
- Го следи и проценува постигањето и развојот на ученикот согласно индивидуалните цели.
- Вклучен е во инклузивните активности во училиштето.
- Изработува план за работа и соработува со семејствата на децата на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието[16].
- Заедно со учениците изработува наставни средства за инклузивна работа.
- Ја адаптира училницата според индивидуалните потреби на учениците.
- Ги вклучува семејствата и учениците во заеднички активности за почитување на различностите и интеркултурна интеграција.
- Учествува во професионалната ориентација на учениците со посебни образовни потреби.
- Континуирано соработува со стручните работници во училиштето за надминување на причините за ексклузија.
- Реализира додатна и дополнителна настава.
- Работи индивидуално со ученици на кои им е потребна помош.

16 Под ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието се подразбираат потребите кои произлегуваат од разликите во психофизичките способности, етничкото потекло, културата, мајчиниот јазик, религијата, социјалниот и економскиот статус.

# V. КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

Комуникациските вештини се исклучително важни за секоја ефективна настава. Наставникот треба да има соодветни вербални и невербални комуникациски вештини, вклучувајќи артикулација, експресивен јазик, тон на обраќање, соодветно држење и гестикулација.

Јаснотијата во презентациите, повратните информации, давањето насоки за учење и користењето соодветни комуникациски медиуми придонесуваат за создавањето ефективна и ефикасна клима за учење. Особено важна комуникациска вештина на наставникот е да умее да покаже емпатија во комуникацијата што му дава можност да гради клима на доверба и соработка со учениците и нивните семејства. На родителите треба да им обезбеди јасни, навремени и корисни информации кои ќе ги насочат кон поддршка на учењето на нивните деца и да ги мотивира за вклучување во училишните активности. Наставникот, исто така, треба да знае и да користи различни начини на формална комуникација со професионалната и општествената заедница.

## V. КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

**Потподрачје:** СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВАТА И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

НАСТАВНИКОТ...

### А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА

1. Го разбира значењето на семејството и локалната заедница за животот и работата на училиштето.
2. Знае начини за соработка со семејството и локалната заедница и можности за нивно учество во животот во училиштето.
3. Го познава работното окружување за кое се образуваат учениците во струката[17].
4. Поседува комуникациски знаења и вештини.

### Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ

1. Промовира доверба и разбирање за градење партнерства со локалната заедница и семејствата.
2. Развива ефективна соработка со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето.
3. Комуницира со семејствата на соодветен начин со почит и внимание.
4. Комуницира со локалната средина, социјалните партнери и други релевантни институции во државата и во странство[17].
5. Соработува со работодавачи за реализирање практична обука[17].

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги вклучува семејствата во планирање активности на паралелката и училиштето.
- Ги вклучува семејствата и претставниците од локалната заедница во процесот на поучување.
- Изготвува индивидуален календар на средби со родители (планира родителски средби, индивидуални состаноци, приемни денови).
- Идентификува можни ресурси за соработка со заедницата.
- Соработува со институции и поединци од локалната заедница.
- Ги поврзува училиштето и работодавачите заради организирање и реализирање различни видови обуки[17].
- Изготвува и предлага договори за реализација на практична обука кај работодавачи[17].
- Учествува во заеднички проекти со работодавачите[17].
- Поттикнува и учествува во едукација на родители.

17 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

# VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

Компетентниот наставник е постојано во тек со новините во наставничката професија, умее да ја анализира сопствената работа и да ги открива слабите страни и врз основа на ова да го планира својот професионален развој. Познава и користи различни форми на стручно усовршување при што и самиот презема иницијативи за вклучување во нив. Исто така, отворен е за соработка со колегите во и надвор од училиштето, учи од нив и ги споделува соите знаења. Наставникот којшто се грижи за својата професија го познава и го почитува кодексот на професијата и придонесува за унапредување на средината во која работи и реномето на наставничката професија во општеството.

# VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

## Потподрачје: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 1. Ја разбира комплексноста на наставничката професија како и одговорноста што таа ја носи. | 1. Континуирано ја унапредува сопствената педагошка практика врз основа на следењето на промените и новините во системот на образованието, врз основа на рефлексија и самоевалуација. |
| 2. Ги познава компетенциите за наставниците. | 2. Ја унапредува својата работа користејќи знаења стекнати преку стручно усовршување (формално, неформално и информално). |
| 3. Ги знае ефективните модели и можности за професионален развој и напредување во наставничката професија. | 3. Ги идентификува сопствените образовни потреби и го планира својот професионален развој. |
| 4. Информиран е за стручните настани во образованието. | 4. Развива и применува рефлективни вештини за анализирање и подобрување на сопствената практика. |
| 5. Ги дополнува и надградува знаењата и вештините со континуирна едукација. | 5. Ги унапредува професионалните знаења и вештини преку непосредна обука кај работодавач[18]. |
| 6. Знае како да изработи личен план за професионален развој и да развие сопствена филозофија за професијата. | 6. Поттикнува и реализира заедничко истражување и учење за подобрување на наставните практики. |
| | 7. Следи стручна литература од наставниот предмет и друга педагошко-психолошка литература. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги имплементира промените и новините во системот на образование.
- Зема учество во стручен дијалог и перманентно се доусовршува во прилог на личниот и професионалниот развој.
- Размислува, проценува, бара повратни информации (од колегите, родителите, учениците) и води белешки за својата педагошка работа.
- Го планира, води евиденција и поседува докази за сопствениот професионален развој.
- Учествува во различни форми на стручно усовршување во и надвор од училиштето.
- Реализира акциони истражувања за подобрување на професионалната практика.
- Има личен план за професионален развој и истиот го реализира.
- Применува знаења и вештини стекнати на посетени обуки.
- Врши проценка на ефектите од обуките[18].

18 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

# VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

## Потподрачје: ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

НАСТАВНИКОТ...

| А. ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗНАЕЊА И РАЗБИРАЊА | Б. ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ |
|---|---|
| 7. Го знае кодексот за комуникација со колегите и ја разбира важноста од соработката со нив. | 8. Активно промовира колегијални односи и соработува со колегите. |
| 8. Информиран е за професионалните здруженија на наставници. | 9. Ја почитува професионалната етика и одговорно се однесува кон задолженијата и кон колегите. |
| | 10. Членува во професионални здруженија на наставници. |
| | 11. Соработува со стручните работници и лица во и надвор од училиштето. |

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Предлага теми за обука во училиштето и учествува во нив.
- Учествува во работата на стручните активи.
- Навремено и квалитетно ги извршува работните задачи.
- Учествува во различни активности на професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми со цел да ја подобри својата работа.
- Споделува наставни материјали со колегите.
- Споделува искуства и користи совети за подобрување на својата работа.
- Пренесува искуства од учество на обуки кај работодавач на наставници од училиштето и/или други средни училишта[19].
- Користи електронска комуникација за професионална соработка.
- Одржува и посетува отворени часови.

19 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.



# ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ *за* НАСТАВНИК – МЕНТОР

# ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

При изготвувањето на Професионалните стандарди за наставник - ментор се поаѓаше од следниве определби:

**Надградување на стандардите врз Основните професионални компетенции за наставници** - Наставникот - ментор се одликува со тоа што во текот на повеќегодишната наставна работа ги збогатил и усовршил основните професионални компетенции за наставник. Наставничката практика на наставникот - ментор е препознаена по високиот квалитет и по многу индикатори што значи чекор напред во постигнатите професионални компетенции. Затоа опишаните компетенции за наставник - ментор се надградба на постигнатите професионални компетенции и треба да се гледаат како кумулативни и комплементарни со нив.

**Посветеност на доживотното учење и развојот во наставничката професија** - Наставникот - ментор треба да покаже дека е посветен на сопственото професионално надградување и дека придонесува за професионалниот развој на колегите во училиштето. Тој е рефлексивен практичар кој ја истражува својата практика и постојано стручно се усовршува за воспитно-образовна работа во училницата, но покажува и поширок интерес за новините во професијата и образованието воопшто.

**Акцент на компетенции за професионален ангажман за подобрување на наставата на ниво на училиште** – Стандардите за наставник - ментор, покрај надградбата на професионалните компетенции за воспитно-образовна работа со изразито висок квалитет во училницата, акцент ставаат на компетенциите на наставникот - за унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето како целина. Наставникот - ментор поседува знаења, разбирања, способности и вештини за тоа како да се зголеми ефективноста на работата во училиштето во целина и посветен е на постигнување на целите на училиштето. Тој го поттикнува учењето и напредокот на колегите, иницира дискусии и активности за ефективна настава и подобрување на резултатите на учениците.

**Почитување на образовниот контекст во Република Македонија** - Стандардите за наставник - ментор го промовираат размислувањето дека истакнатите наставници во училиштата треба да се носители на внесувањето иновации во училиштето и во размената на своите знаења и искуства со помалку искусните колеги, се вклучуваат во градењето визија за развој на училиштето и програмирањето на нејзината реализација[20]. Тие, исто така, ги имаа предвид сознанијата дека во училиштата постојат посветени наставници коишто се компетентни и се лидери на внесувањето на иновациите во училиштето, ги споделуваат своите знаења и искуства со помалку искусните колеги, се ангажираат како училишни обучувачи за различни стручни прашања и се вклучуваат во градењето визија за развој на училиштето и програмирањето на нејзината реализација.

20 Речиси 2/3 од училиштата сметаат дека наставниците што имаат звања треба да имаат и дополнителни ангажмани во училиштата. Извештај од испитувањето на мислењата на училиштата за стручното усовршување и напредувањето во звања на воспитно-образовниот кадар, МЦГО 2013 и Извештај од дискусиите во фокус групите за стручното усовршување и напредувањето во звања на воспитно-образовниот кадар, МЦГО 2013.

# I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Теориските и практичните знаења на наставниците - ментори за предметот и дисциплините на кои ги поучуваат учениците и знаењата за вредностите и поставеноста на воспитно - образовниот систем на Република Македонија треба да ги надминуваат знаењата и компетенциите на другите наставници.

Од наставникот - ментор се очекува да поседува продлабочени знаења и разбирања за содржинската основа на предметот, да умее критички да ги оценува документите поврзани со наставниот предмет и сродните области, тие знаења да ги споделува и дискутира со колегите и заедно со нив да ја унапредува наставата по предметот во целото училиште, како и да иницира интерес за прашања од наставата по соодветниот предмет во пошироката професионална заедница. Наставникот - ментор треба да знае и да ги користи начините за реализација на наставата по соодветниот предмет што ја прават наставата интересна и привлечна за учениците и ги мотивира продлабочено да го изучуваат. Од него се очекува да умее да поучува содржини од предметот што ги надминуваат рамките на редовните програми.

Наставникот - ментор треба да го познава поширокиот образовен контекст, актуелните промени во образованието и да умее тие знаења да ги искористи за осовременување на работата во училиштето.

# I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

## Потподрачје: ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ



### КОМПЕТЕНЦИЈА

1. Поседува продлабочени знаења и разбирања за предметната област.
2. Критички оценува документи поврзани со наставниот предмет.
3. Нуди и споделува знаења со свои колеги за прашања од неговата област.
4. Развива и спроведува образовни политики во училиштето.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ментор е на ученици на државни и/или меѓународни натпревари.
- Ментор е на ученици на иновативни проекти.
- Предавач е на школи за надарени, летни/зимски школи и сл. за продлабочување на знаењата по наставниот предмет.
- Покренува образложени иницијативи за подобрување во наставата по предметот во училиштето.
- Раководи со тимови/работни групи за анализа на програми по наставниот предмет.
- Раководи со стручни тимови за дефинирање содржини во отворениот дел од наставните програми за образовните профили од струката[21].
- Објавува написи во стручни/научни списанија за научната област и за наставата во предметната област.
- Изготвува образовни програми за работно оспособување на возрасните, согласно со искажаните потреби на пазарот на трудот[21].
- Изготвува дополнителни стручни материјали за колегите од наставната област.
- Предавач е на семинари/работилници во училиштето за теми поврзани со реформите во образованието.
- Член е на тимови/работни групи за изготвување постапки, процедури, правилници и програми на ниво на училиште.

21 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

# II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

Компетенциите за поучување и учење се јадрото на наставничките компетенции. Она по што се памети добриот наставник е начинот на кој тој ја реализира наставата. Наставникот - ментор во тој поглед е „најдобар од најдобрите". Тој изведува настава која и од наставниците и од учениците е препознаена по инвентивните приоди, која е интересна за учениците и заради што најголемиот број ученици го сакаат наставниот предмет. Кај учениците тој развива интерес за проширување на знаењата од наставната област, го поддржува нивниот воннаставен ангажман и им помага и овозможува да постигнуваат високи резултати не само во рамките на училиштето, туку и пошироко – на конкурси, натпревари, јавни настапи и сл.

Наставникот - ментор е еден од лидерите во внесувањето иновативни приоди во наставата. При тоа, тој ги користи стручните и научните сознанија и сопственото искуство. Настојува наставата да ја подобрува врз основа на податоци за нејзините добри и слаби страни. За таа цел тој ги користи податоците од разни видови екстерни оценувања, истражувања за ефективноста на одделни приоди во наставата што сам или со колегите ги спроведува во училиштето и рефлексијата врз сопствената наставна работа. Своите знаења ги споделува со колегите и предлага како да се унапредува воспитно-образовната работа на ниво на училиште.

Наставникот - ментор е чувствителен за различните потреби на своите ученици без оглед дали се тие од когнитивна или од социоемоционална природа и умее благовремено да ги идентификува и соодветно да одговори на нив. Тој покажува грижа за учениците не само во текот на наставата, туку и за време на севкупниот престој во училиштето, а често и надвор од тоа. За таа цел има воспоставено партнерски однос со родителите на учениците, колегите што им предаваат други предмети и со други релевантни личности и институции важни за актуелниот живот на неговите ученици. Самиот дава пример за демократска комуникација и ги поддржува учениците да учествуваат на демократски начин во животот на училиштето и во поширокота општествена заедница со што придонесува за градење на вредносниот систем кај учениците.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА НАСТАВАТА

НАСТАВНИКОТ - МЕНТОР...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

1. Ги анализира планирањата по наставниот предмет на ниво на училиште и предлага подобрувања.
2. Креира развојни политики на училиштето.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Развива модели и дава сугестии за подобрување на квалитетот на планирањето.
- Член е на тим за изготвување на развојна програма.
- Планира волонтерски активности со компетентни лица за подобрување на учењето.
- Раководи со стручен тим што реализира заеднички проекти меѓу училиштето и работодавачите[22].
- Раководи со тим за самоевалуација по подрачје, во училиштето.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

НАСТАВНИКОТ - МЕНТОР...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

3. Користи нови ефективни методи и приоди во наставата и во воннаставните активности.
4. Креира и спроведува иновативни проекти на ниво на училиште.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Реализира нагледни часови и/или споделува снимени примери на сопствена добра практика на кои демонстрира нови и ефективни методи во наставата.
- Презентира сознанија од акциони истражувања за подобрување на наставата во училиштето.
- Раководи стручен тим што реализира иновативен проект во училиштето.
- Поседува сертификати за примена на стекнатите знаења/вештини од проектите во наставата.
- Член е на тимови за сертификација на примена на иновативни приоди во наставата.

22 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

НАСТАВНИКОТ - МЕНТОР...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

5. Ги користи резултатите и/или содржините од екстерните оценувања (национални и меѓународни) за подобрување на наставата. Креира развојни политики на училиштето.
6. Развива критериуми и инструменти за оценување на ниво на училиште.
7. Ги мотивира и подготвува учениците за постигнување високи резултати.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Прави споредбени анализи на задачите (содржина, способности што се мерат) од екстерните национални и/или меѓународни оценувања и наставните методи и оценување што се користат во училиштето.
- Член е на тим за изготвување критериуми и инструменти за оценување на ниво на наставен предмет во училиштето.
- Член е на тим за екстерна проверка на постигањата за наставните програми кои се оценуваат преку ученичко досие.
- Развива инструменти за оценување на учениците кои се менторирани од страна на менторите кај работодавачите[23].
- Менторира ученици од училиштето кои освојуваат некои од првите три места на регионални, државни и/или меѓународни натпревари.
- Постигнува високи резултати со учениците потврдено со објективно интерно и екстерно тестирање, споредено со постигањата на учениците во слични/сродни училишта.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** ПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ИЗЛЕГУВАЊЕ ВО ПРЕСРЕТ НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ

НАСТАВНИКОТ - МЕНТОР...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

8. Користи диференциран приод во наставата и ги споделува искуствата со колегите.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Применува различни облици на диференцијација на наставата.
- Прави анализи на ефектите од диференцираниот приод во сопствената настава и сознанијата ги споделува со колегите.

23 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.



# III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

Наставникот - ментор има визија за тоа каква треба да биде училницата (кабинетот) која ќе биде соодветно место за учење на наставниот предмет што го предава. За таа цел тој долгорочно работи на обезбедување на потребните наставни средства од кои голем дел ги има изработено сам или со своите ученици или обезбедено преку донации. Тој со учениците и колегите обезбедува и чува наставни материјали што можат повеќекратно да се употребуваат со што во текот на долг временски период има обезбедено наставата по неговиот предмет да се одвива како во „вистинска научна лабораторија" или во уметнички кабинет. Во таа насока тој на соодветен начин го има организирано користењето на ИКТ во наставата, секогаш кога тоа е најсоодветен начин за реализација на наставата. Прави колекција на дигитални содржини по сопствениот предмет, а и самиот развива такви содржини. Учениците ги упатува на безбедното користење на техничките помагала, како и на електронските средства за комуникација и се грижи воспоставените правила доследно да се почитуваат.

Наставникот - ментор има вештини и искуство да придонесе целото училиште да биде работна средина во која се учи и во којашто сите се чувствуваат добро и безбедно. Тој со другите вработени работи тимски на подобрување на комуникацијата во училиштето, заемната информираност за настаните од важност за учениците, вработените, родителите и пошироката заедница. Овој наставник има идеи и покренува иницијативи за подобување на училишната клима, превенција од насилството и разрешување на конфликтите не само во текот на наставата, туку и во севкупниот живот во училиштето. Со тоа тој придонесува за доследно позитивно и одговорно однесување на сите.

## III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** БЕЗБЕДНА И СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

НАСТАВНИКОТ - МЕНТОР...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

1. Креативно користи ИКТ во наставата.
2. Создава богата и стимулативна средина за учење преку нудење материјали и средства за учење.
3. Развива стратегии за создавање безбедна средина за учење.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Креира и користи дигитални содржини за учење и ги споделува со колегите.
- Изготвува и поседува богати збирки на наставни материјали и извори на учење што им се на располагање на учениците.
- Креира нови работни места за практична обука на учениците во училишните работилници, во училишните компании и кај работодавачи[24].
- Менаџира со училишна компанија[24].
- Работи во тимови за подобрување на безбедноста во училиштето.
- Осмислува и спроведува активности со учениците и родителите за намалување на насилството.
- Осмислува мерки за безбедна средина за практична обука на учениците[24].

## III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** СОЗДАВАЊЕ ПОЗИТИВНА УЧИЛИШНА КЛИМА

НАСТАВНИКОТ - МЕНТОР...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

4. Придонесува за создавање позитивна училишна клима и комуникација.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Покренува и одржува различни медиуми за комуникација во училиштето и со средината (социјални мрежи, огласни табли, информатори, брошури, училиштен весник, итн.).
- Презема активности за превенирање и надминување на конфликтни ситуации.

24 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

# IV. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

Наставникот - ментор, покрај тоа што успешно ги вклучува во наставните и воннаставните активности сите учениците со коишто работи почитувајќи ги нивните различности, своите знаења, разбирања и вештини за инклузивно образование ги користи за развивање пристапи целото училиште да биде инклузивно. За таа цел тој се вклучува во истражувања и проекти чија цел е вклучување на одделни ранливи групи во училиштето, како и во активности насочени кон подобрување на инклузивноста на целото училиште.

Покрај тоа, наставникот - ментор на помалку искусните колеги им помага во развојот на индивидуалните образовни програми, изборот, изготвувањето и проценката на различни материјали за учење приспособени на посебните потреби на одделни ученици. Со нив и со пошироката заедница споделува успешни примери на инклузивна работа од сопственото искуство, ги промовира можностите и постигањата на учениците од различни ранливи групи и на тој начин придонесува за надминување на стереотипите и предрасудите кон одделни групи луѓе и за заемно почитување на сите, како и за развој на демократските вредности во општеството.

# IV. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

## Потподрачје: СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

### КОМПЕТЕНЦИЈА

1. Развива пристапи за градење на инклузивно училиште.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Работи на проекти и истражувања со и за децата со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција и/или социоекономска инклузија во рамките на училиштето.
- Им помага на колегите во изработката на индивидуални образовни програми, материјали и пристап.
- Член е на тимот за училишна инклузија во училиштето.
- Покренува иницијативи и презема активности различностите да бидат препознаени и почитувани на ниво на училиште и во пошироката заедница.

# V. КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

Наставникот - ментор е препознаен како наставник што има многу добри комуникациски вештини како во наставата така и во комуникацијата со пошироката општествена заедница. Тој наставните содржини ги презентира јасно, го држи вниманието на учениците, соодветно реагира, вербално и невербално, на нивното однесување. Во комуникацијата има изградено клима на доверба и заемна почит со учениците, колегите, родителите и членовите на пошироката општествена заедница.

Наставникот - ментор е особено препознаен по вештините за комуникација со семејствата и пошироката општествена заедница. Тој знае начини како општествената заедница да ја вклучи во работата на училиштето и како училиштето да го вклучи во активностите на пошироката општествена заедница.

# V. КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

## Потподрачје: СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВАТА И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА



| КОМПЕТЕНЦИЈА |
| --- |
| 1. Ја подобрува соработката на училиштето со семејството и локалната заедница. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Го промовира училиштето преку различни медиуми и материјали.
- Учествува во градењето стратегии за соработка со семејството и локалната заедница.
- Воспоставува контакти за соработка на училиштето со организации за подобрување на учењето и благосостојбата на учениците.
- Ги информира колегите за приодите на училиштето за спроведување на новините во образовниот систем и начините на информирање на родителите за нив.
- Реализира едукативни активности за улогата на родителите во учењето и развојот на нивното дете.
- Ги идентификува потенцијалите на семејствата и организира нивно вклучување во активностите на училиштето.

# VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

Наставникот - ментор повеќе од другите наставници е посветен на сопствениот и професионалниот развој на сите во училиштето. Постојано е во тек со новините во наставата и пошироко во образованието, ги знае различните можности за професионален развој, сопствен и на колегите, и ги споделува со нив. Самоиницијативно користи различни форми на стручно усовршување и се вклучува во стручно усовршување не само на теми тесно сврзани со наставата, туку и за поширока образовна проблематика. Новостекнатите сознанија ги споделува на ниво на училиште преку формални обуки и преку неформални дискусии. Има добри вештини за работа со возрасни и затоа често има улога на обучувач во училиштето.

Во училиштето придонесува за добра проценка на потребите од професионален развој и за нивно планирање, така што сите ќе имаат придобивки од тоа. Особено промовира рефлексивна практика, како преку сопствен пример, така и преку изготвување инструменти и различни видови колегијална помош. Тој е препознаен од другите наставници како колега кому секогаш може да му се обратиш за совет и помош, како на пример, посета на часови кај колеги или отворање на својата училница за колегите. Заради стручноста и високиот професионален кредибилитет се вклучува во тимови за проценка на работата на колегите заради стекнување сертификати, промовирање или идентификување на потребите за професионален развој.

Учествува во изготвување норми и материјали за етичност на наставниците во училиштето, ги почитува и ги промовира со што придонесува за реномето на училиштето и на наставничката професија.

## VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

НАСТАВНИКОТ - МЕНТОР...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

1. Перманентно професионално се усовршува преку учество во различни форми на формално и неформално учење во функција на образовниот процес.
2. Развива и применува училишни стратегии за професионален развој.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Прави пишан осврт за сопствениот развој и сопствената професионална практика.
- Изготвува инструменти за рефлексија и самоевалуација.
- Учествува на акредитирани обуки за менторски вештини.
- Поседува сертификати и/или други видови докази.
- Изготвува интерен план за советувања, обуки, отворени часови.
- Член е на училишниот тим за професионален развој.

## VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

НАСТАВНИКОТ - МЕНТОР...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

3. Придонесува за професионалниот развој на колегите.
4. Промовира и практикува модели на етичко однесување во сите видови на професионална комуникација (со учениците, колегите и пошироката заедница).

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Споделува искуства и дисеминира сознанија од семинари, конференции, обуки и сл. со колегите.
- Ги информира и поттикнува колегите за користење на можностите за учење надвор од училиштето.
- Учествува во комисии за избор и унапредување на кадри.
- Организира и реализира интерни обуки во училиштето.
- Раководи со тимови во училиштето што работат на унапредување на воспитно - образовната работа во училиштето.
- Изготвува материјали за етичко однесување во училиштето.



# ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ за НАСТАВНИК - СОВЕТНИК

# ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

При изготвувањето на Професионалните стандарди за наставник-советник се поаѓаше од следниве определби:

**Надградување на стандардите на Основните професионални компетенции за наставници и Професионалните стандарди за наставник - ментор.** Наставникот-советник се одликува со тоа што како наставник-ментор покажал дека е лидер во квалитетот на непосредната работа со учениците, но и лидер во унапредувањето на квалитетот на воспитно-образовната работа во целото училиште, во регионот, како и во унапредувањето и развојот на образованието во целост. Затоа опишаните компетенции за наставник-советник се додадени на постигнатите професионални компетенции за наставник-ментор и треба да се гледаат како кумулативни и комплементарни со нив.

**Посветеност на доживотното учење и развојот во наставничката професија.** Наставникот-советник треба да покаже дека е посветен на сопственото професионално надградување, дека придонесува за професионалниот развој на колегите во училиштето, но и за професионалниот развој на колегите од другите училишта. Тој е рефлексивен практичар кој ја истражува својата работа и постојано стручно се усовршува за унапредување на непосредната воспитно-образовна работа во училницата и училиштето и за внесување новини во образованието пошироко. Со својот професионален ангажман тој придонесува за унапредување на наставничката професија и за нејзината афирмација.

**Акцент на компетенции за професионален ангажман за подобрување на наставата во регионот и на национално ниво.** Стандардите за наставник-советник, покрај надградбата на професионалните компетенции за воспитно-

образовна работа во училницата и во училиштето како целина, акцент ставаат на компетенциите за подобрување на воспитно-образовниот процес во регионот и на национално ниво. Наставникот-советник поседува знаења, разбирања, способности и вештини за градење и водење на професионални заедници за учење на регионално или национално ниво со цел да се подобри наставата по соодветниот предмет или област, но и на воспитно-образовниот систем во целина.

**Почитување на образовниот контекст во Република Македонија.** Стандардите за наставник - советник го промовираат размислувањето дека истакнатите наставници во училиштата треба да се ангажираат во внесувањето иновации во воспитно-образовниот процес, во споделувањето на знаењата и искуствата со колегите, и да се вклучуваат во градењето визија за развој на училиштето, програмирањето на нејзината реализација и во промените во образованието и воспитанието на системско ниво[25]. Се имаа предвид и сознанијата дека во училиштата постојат посветени наставници кои се компетентни и се лидери на внесувањето на иновациите во училиштето, регионот или на национално ниво, ги споделуваат своите знаења и искуства со колегите, се ангажираат како обучувачи за различни стручни прашања на национално ниво и се вклучуваат во различни активности за унапредување на образованието.

25 Речиси 2/3 од училиштата сметаат дека наставниците што имаат звања треба да имаат и дополнителни ангажмани во училиштата. Извештај од испитувањето на мислењата на училиштата за стручното усовршување и напредувањето во звања на воспитно-образовниот кадар, МЦГО 2013, и Извештај од дискусиите во фокус групите за стручното усовршување и напредувањето во звања на воспитно-образовниот кадар, МЦГО 2013.

# I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Теориските и практичните знаења на наставникот-советник за предметот и дисциплините на кои ги поучува учениците и знаењата за вредностите и поставеноста на воспитно-образовниот систем на Република Македонија треба да ги надминуваат знаењата и компетенциите на наставник - ментор.

Наставникот-советник поседува продлабочени знаења и разбирања за наставниот предмет, што му овозможуваат да ги вреднува и критички да ги оценува документите поврзани со наставниот предмет и со сродните области на национално ниво и да дава аргументирани предлози за нивно подобрување. Од него се очекува да умее да ги поврзе знаењата за наставниот предмет, методичките знаења и практичното искуство така што ќе ги преточи во квалитетни наставни материјали.

Во соработка со одговорното лице од факултетот ја следи работата на студентот во текот на реализацијата на практичната настава по соодветниот предмет, и врши формативна и сумативна евалуација на неговата/нејзината работа[26].

Наставникот-советник ги познава актуелните состојби и промени во образованието, ги следи образовните трендови и умее тие знаења да ги искористи во иницијативи и активности за подобрување на воспитно-образовниот систем.

26 Следење на практична работа на студенти-идни наставници во одделенска настава, како и евалуација на нивната работа ќе се врши според „Упатство за изведување практична настава на студенти од наставничките факултети"- Скопје2013 (изготвено од: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Државниот универзитет во Тетово , Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, во соработка со: Министерството за образование и наука на Република Македонија, Бирото за развој на образованието, со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје).

## I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

**Потподрачје:** ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

НАСТАВНИКОТ - СОВЕТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

1. Изготвува наставни материјали и материјали за учење што се позитивно рецензирани.
2. Поседува продлабочени знаења и разбирање за предметната област.
3. Ги следи, анализира и подобрува програмските документи на национално ниво.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Автор е на рецензирани и објавени наставни материјали (на пр., работни тетратки, наставни средства и помагала, прирачници ...) и материјали за учење.
- Учествува во планирањето и програмирањето на практичната настава на студенти и врши нивно менторирање во соработка со менторот - професор по соодветниот предмет.
- Рецензент е на наставни материјали (учебници, работни тетратки, наставни средства и помагала) што се национално одобрени.
- Член е на тимови за изготвување програмски документи по наставниот предмет.
- Член е на тимови за изработка на концепциски и програмски документи од областа на стручното образование и обука[27].
- Раководи со тимови на регионално или национално ниво за анализа на програмските документи по наставниот предмет.
- Изготвува инструменти за вреднување на програмските документи.
- Учествува во анализи на пазарот на трудот и предлага решенија за обезбедување стручен кадар согласно потребите[27].

## I. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ И ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

**Потподрачје:** ЗНАЕЊЕ ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

НАСТАВНИКОТ - СОВЕТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

4. Анализира и изработува концепциски и стратешки документи во образованието.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Член е на тимови за изготвување концепциски документи во образованието.
- Автор/коавтор е на анализи и вреднувања на одделни аспекти на образовниот систем на национално ниво.
- Учествува во работни групи за предлагање промени во педагошката евиденција и документација.

27 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

# II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

Наставникот–советник е препознаен како квалитетен наставник не само во сопственото училиште, туку и во пошироката професионална заедница. Тој е познат по внесување и промовирање иновации во наставата, не само во училиштето во коешто работи, туку и меѓу колегите од другите училишта. Поседува знаења за истражувања во областа на образованието што ги користи за унапредување на наставата во училиштето и им помага на колегите во училиштето и во регионот да ја унапредуваат практиката врз основа на докази за ефективноста на користените приоди, методи и техники. Реализира иновативни проекти давајќи им позитивен пример на останатите наставници за придобивките од истите. Особено внимание посветува на податоците добиени од различни интерни и екстерни оценувања, истите умее да ги анализира и да ги искористи за подобрување на сопствената настава, како и за давање сугестии како да се подобри наставата во училиштето.

Наставникот–советник е еден од оние наставници кои водат грижа за развојот на целото училиште. Водач е на тимовите што ги анализираат состојбите во училиштето и работат на стратешкото планирање на неговиот развој. Тој дава пример како низ севкупната работа може да се придонесува за подобрување на поучувањето и учењето. Поставува високи стандарди за квалитетна настава и им помага на колегите да ги достигнат.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА НАСТАВАТА

НАСТАВНИКОТ – СОВЕТНИК...

**КОМПЕТЕНЦИЈА**

1. Го води процесот на развојно планирање на училиштето.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги координира активностите за поврзување на изготвените стратешки и развојни планови.
- Организира мониторинг и евалуација на реализацијата на програмата за развој на училиштето.
- Подготвува извештај од евалуацијата на програмата за развој по одделни подрачја.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

НАСТАВНИКОТ – СОВЕТНИК...

**КОМПЕТЕНЦИЈА**

2. Креира, аплицира и спроведува иновативни проекти во соработка со други стручни национални и меѓународни институции.
3. Промовира современи приоди во наставата пред поширокaта професионална заедница.
4. Им помага на колегите во креирање примери на добра практика и реализација на акциони истражувања.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Член е на тим што раководи иновативни проекти на национално ниво.
- Објавува примери од сопствената наставна практика во стручни списанија или постирано на официјални (рецензирани) веб страници.
- Држи обуки во училиштето за акциски истражувања, на колегите им дава совети во текот на нивното спроведување.
- Учествува во градењето критериуми за примери на добра практика и во оценувањето примери од практиката на колегите.

## II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

НАСТАВНИКОТ – СОВЕТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

5. Поседува стручни способности за изготвување инструменти, стандарди и извештаи за оценување на национално ниво.
6. Ги подобрува училишните политики за оценување.
7. Знае како да ја зголеми ефективноста на оценувањето, вклучувајќи и користење на статистички анализи.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Изготвува инструменти за оценување по предметот и ги подобрува врз основа на анализа на мерните карактеристики.
- Им помага на колегите во подобрувањето на инструментите за оценување.
- Работи во тимови за изготвување документи за оценување на национално ниво.
- Активно учествува во работата на тимот за градење училишна политика за оценување.
- Учествува во тимови за развивање стандарди и стратегии за оценување на возрасните кои стекнуваат стручно образование по вонреден пат[28].
- Обучува претставници од работодавачи за проверка на постигањата на практичната оспособеност на учениците[28].
- Прави статистички анализи на постигањата на учениците по наставниот предмет во училиштето и ги поврзува со можните фактори и предлага мерки за подобрување на успехот.

28 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.



# III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

Наставникот – советник има обезбедено неговата училница да биде пример за соодветна работна средина, како од аспект на опременоста, така и од аспект на мотивирачката клима за учење и работната атмосфера во текот на наставата. Истовремено, тој е посветен на тоа да придонесе целото училиште да претставува пример на училиште во кое сите се чувствуваат безбедно, пријатно и постојано имаат предизвици за учење. Се ангажира на едуцирање и вклучување на колегите, родителите и други субјекти од заедницата во подобрувањето на условите за учење во училиштето и зголемувањето на безбедноста на учениците во училиштето и во локалната заедница. За таа цел покренува иницијативи и реализира активности за зголемување на физичката безбедност на учениците во училиштето и во заедницата, како и за градење систем на вредности каде што ненасилното решавање на конфликти и толеранцијата ќе бидат доминантен начин на однесување. Наставникот-советник е лидер на поврзувањето на училиштата од средината во реализирањето заеднички активности, со што придонесува за подобрување на општата клима за соработка и заемно почитување.

## III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** СОЗДАВАЊЕ БЕЗБЕДНА И СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

НАСТАВНИКОТ – СОВЕТНИК...

**КОМПЕТЕНЦИЈА**

1. Поттикнува активности за стимулативна и безбедна средина.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Организира работилници,средби за безбедна и стимулативна средина за учење.
- Презема активности за подобрување на безбедноста во училиштето и непосредното опкружување.
- Иницира, организира и спроведува заеднички активности за меѓуучилишна соработка на учениците и наставниците.

## III. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

**Потподрачје:** СОЗДАВАЊЕ ПОЗИТИВНА УЧИЛИШНА КЛИМА

НАСТАВНИКОТ – СОВЕТНИК...

**КОМПЕТЕНЦИЈА**

2. Создава клима во училиштето и надвор од него која се карактеризира со отвореност, почит и соработка.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Покренува дискусии и иницијативи за осмислување стратегии за подигање на мотивацијата за работа кај учениците и наставниците.



# IV. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

Наставникот–советник е познат како лидер на инклузивноста во училиштето, но и во пошироката заедница. Тој знае и користи различни приоди за идентификување и задоволување на образовните потреби на различни групи ученици и особено е чувствителен за потребите на ранливите групи ученици. Со колегите гради стратегии и реализира активности сите ученици, на за нив соодветен начин, да бидат вклучени во активности за учење и во слободните ученички активности, како и во активности во заедницата што училиштето ги реализира. Особено се ангажира на менувањето на ставовите на средината кон маргинализираните групи ученици покажувајќи начини како тие можат да бидат вклучени во заедницата.

Своите знаења, искуство и посветеност ги користи и преку вклучување во активности за подобрување на образовните политики и практики на регионално и на национално ниво.

# IV. СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

## Потподрачје: СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА



| КОМПЕТЕНЦИЈА |
| --- |
| 1. Придонесува за инклузија на учениците во пошироката заедница. |

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Презема активности на ниво на училиштето и пошироката заедница за ефективно надминување и елиминирање на материјалите, ситуациите и активностите кои не промовираат еднаквост.
- Предлага и презема активности за активно вклучување на учениците во животот и работата на локалната заедница без разлика на нивните способности, потекло и социоекономската состојба.
- Учествува во изработка на документи за подобрување на инклузивното образование на централно и локално ниво.
- Работи на надминување на предрасудите за вклучување на учениците со посебни образовни потреби во практичната обука кај работодавачите[29].

29 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

# V. КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

Наставникот – советник е познат во пошироката општествена заедница како некој кој придонесува за градење партнерство и општествена одговорност меѓу училиштето и локалната заедница, на тој начин што ги анимира различните субјекти во заедницата да се вклучат во работата на училиштето и да придонесат за постигањата на учениците, од една страна, а од друга страна, ги промовира постигањата на училиштето и заедничките активности на училиштето со локалната заедница. Користејќи ги вештините за комуникација, но знаејќи ги и карактеристиките и потребите на различните субјекти со кои комуницира, наставникот-советник успева да создаде цврсти врски меѓу училиштето и субјектите од локалната заедница кои го препознаваат училиштето како „наше“ училиште, а наставниците и учениците се грижат за „нашата“ месна заедница и нејзините жители.

Покрај тоа, тој е првенствено пример на наставник кој знае во секоја ситуација соодветно да реагира: во наставата и надвор од неа, во комуникацијата со учениците, родителите и колегите, но и во комуникацијата со членовите на пошироката општествена заедница.

# V. КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

**Потподрачје:** СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВАТА И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

НАСТАВНИКОТ – СОВЕТНИК...

## КОМПЕТЕНЦИЈА

1. Гради партнерства на училиштето со локалната заедница за општествена одговорност.

## ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Иницира и организира проекти со локалната заедница и семејството за подобрување на постигањата на учениците и животот во заедницата.
- Гради стратегии и ја промовира работата на училиштето и постигањата на учениците во пошироката заедница.
- Остварува партнерство на училиштето со локалните компании и пошироко[30].

30 Овие компетенции се однесуваат само на наставниците по практична настава и стручно-теоретски предмети во средните стручни училишта.

# VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

Наставникот-советник е пример на професионалец кој многу вложува во сопствениот стручен и научен развој. Како резултат на тоа тој се стекнува со дополнително формално образование, се вклучува во различни форми на неформално образование, не само за предметната област, туку и за поширока образовна проблематика. Тој, исто така, ги презентира своите професионални сознанија, гледишта и ставови во стручни и научни публикации и на собири и на тој начин придонесува за професионалниот развој на другите вработени во образованието. Има знаења, вештини и мотивиран е да придонесе за професионалниот развој на колегите, лидер е на активностите за планирање, реализирање и вреднување на професионалниот развој во училиштето, при што се вклучува и во активности за професионален развој на регионално и национално ниво.

Тој е рефлексивен практичар којшто умее да ја анализира, истражува и унапредува сопствената практика. Сака и умее да ги води колегите во унапредувањето на нивната практика, иницијатор е и водител на колаборативни тимови за учење во регионот и на други професионални заедници за учење.

Има добри вештини за работа со возрасни и затоа често има улога на обучувач на обучувачи и ментор на наставници - приправници.

## VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

НАСТАВНИКОТ – СОВЕТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

1. Развива и применува стратегии и документи за професионален развој на регионално и национално ниво.
2. Перманентно стручно и научно се усовршува преку учество во различни форми на формално и неформално учење во предметната област или обласа на образованието.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Член е во работни тела за изготвување документи за професионален развој од регионален и национален интерес.
- Ги презентира стручните сознанија до кои дошол преку истражувања, во стручен печат или на стручни собири.
- Учествува во работата на тело за проценка на професионалното и кариерното напредување на колегите во наставници-ментори.
- Учествува во избор, адаптација и изработка на инструменти за евалуација на наставници на ниво на училиште.
- Поседува дипломи, сертификати и/или други видови докази.
- Поседува дипломи за степен на научен развој (магистратура и докторат).

## VI. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Потподрачје:** ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

НАСТАВНИКОТ – СОВЕТНИК...

### КОМПЕТЕНЦИЈА

3. Создава и води регионални тимови за учење и професионални мрежи за размена на искуства.
4. Развива програми за професионален развој во училиштето.

### ПРИМЕРИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА

- Ги пренесува своите искуства и знаења на наставници од други училишта.
- Реализира обуки од регионален и/или државен карактер.
- Соработува со факултети и други стручни организации на истражувачки проекти.
- Менторира наставници.

